РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Државен просветен инспекторат
Број: 09-20/3
12.04.2024 год.
Кичево

| | |
|---|---|
| **ООУ„Лирија“ - с. Житоше – Долнени** | |
| Извештај од извршена интегрална евалуација | |
| **Датум на интегрална евалуација:** | 12 ,15 и 16 април 2024 година |
| **Број на извештај:** | 05/ Пелагониски/2024 година |
| **Раководител на инспекциски тим:** | Амдин Рушај |
| **Вид на училиштето:** | Основно |
| **Подрачни училишта** | 1 |
| **Основач на училиштето:** | Општина Долнени |
| **Наставен јазик:** | албански и македонски јазик |
| **Број на ученици:** | 236 |
| **Полова структура на ученици:** | 127 машки 109 женски |
| **Број на наставници:** | 39 |
| **Претседател на училишниот одбор:** | Иса Сулејманоски |
| **Директор на училиштето:** | Бесник Јусуфоски |
| **Датум на претходна интегрална евалуација:** | Од 24 ,25 и 26.септември 2018 година |
| **Адреса на училиштето:** | с.Житоше |
| **Телефон:** | 048 / 473 – 267 |
| **Факс:** | / |
| **e-mail:** | lirija.zitose@gmail.com |
| **Оценка ИЕ** | 1.94 делумно задоволува |

Инспекцискиот надзор е извршен во согласнот со членовите 2, 19, 25 и 26 од Законот за просветна инспекција („Сл.весник на РМ“ број 52/2005; 81/2008; 148/2009; 57/2010; 51/2011; 24/2013; 137/2013; 164/2013 , 41/2014 , 33/2015 и 145/2015,30/2016,127/2016 и 67/2017) и Правилникот за начинот и постапката за вршење на инспекциски надзор на просветната инспекција („Сл. весник на РМ“ број 86/2006).

## РЕЗИМЕ

Согласно Законот за Просветна инспекција на 12,15 и 16.04.2024 год. тим од тројца државни просветни инспектори, спроведоа интегрална евалуација во основното училиште „Лирија“-с.Житоше. Целта на интегралната евалуација е да се оцени квалитетот на воспитно-образовниот процес во училиштето како и примената на законите, другите прописи и општи акти со кои е регулирано образованието.

За време на тридневниот надзор инспекторите ги остварија планираните активности предвидени со Прирачникот за вршење на Интегрална евалуација. За време

на надзорот во училиштето беа посетени наставници кои реализираат настава во основното и во подрачното училиште. Се одржаа планираните состаноци со директорот на училиштето, Училишниот одбор, Советот на родители , водени се разговори со фокус група на ученици.

Училиштето наставата ја изведува во две смени во основното училиште во с.Житоше и во една смена во подрачното училиште во с.Локвени. Наставата се реализира според наставните планови и програми за основно образование и истите се реализираат во пропишаниот обем и по новиот Концепт за основно образование. Изборната настава е застапена согласно Наставниот план, а изборот на наставните предмети од листата на изборни предмети го вршат родителите и учениците по предлог од училиштето со повеќе изборни предмети. Во училиштето се реализираат програми за дополнителна и додатна настава.

Училиштето прибира податоци за постигнувањата на учениците според полот и според јазикот на наставата, за сите квалификациони периоди. Училиштето не врши анализи и не презема активности за подобрување на постигнувањата на учениците.

Има податоци за опфатот на учениците од реонот со изградена политика за опфат на сите ученици. Во училиштето се врши споредување на успехот и оценувањето по одделенија.

Постигањата на учениците во поголем дел од наставните предмети како и средни успеси по одделенија не бележат поголеми промени. .

Редовноста не се следи тековно и не се прават анализи и не се превземаат конкретни активности за намалување на бројот на неоправданите изостаноци последните три учебни години .Има отстапување од средниот успех на учениците на ниво на училиште во периодот од последните три учебни години односно се намалил од 3,10 на 2,91

Работата на наставниците се следи делумно преку евидентни листови и , преку посета на часови, формални и неформални разговори и консултации со наставниците.

Наставниците имаат подготвени годишни глобални, тематски планирања и подготовки за наставен час, како за задолжителните така и за изборните предмети. Планирањата на наставниците ги содржат неопходните елементи за реализација на часот.

Училиштето делумно ги применува законските и подзаконските прописи што го регулираат оценувањето на учениците.

Во училиштето се изведува генерална реконструкција. Поради изведувањето на градежните работи, одлагањето на градежниот шут во дворот на училиштето и во ходниците на училиштето, најголемиот број вработени, родители и ученици училишниот простор не го чувствуваат за безбеден.

Во училиштето има три вработени кои се сертифицирани за давање прва помош на учениците при несреќни случаи во училиштето. Училиштето има интерен акт со шеми во ходниците и училниците за движење и за постапување во случај на елементарни непогоди. Училиштето последната симулација ја има изведено во 2021 година. Училишниот објект, училишниот инвентар, вработените и учениците се осигуруваат секоја година

Во училишниот простор има ПП-апарати, внатрешни хидранти во подрачното училиште во с.Локвени, громобранска инсталација и сите тие редовно се проверуваат.

Во училиштето нема појави на внесување и користење на алкохол и наркотични средства.

Училиштето не се грижи за квалитетот на храната што им е понудена на учениците,нема увид во квалитетот на храната која им се нуди на учениците во околните објекти за продажба на храна.

Во училиштето има клима за работа меѓу вработените и учениците. куќен ред и кодекс на однесување Дисциплината во училиштето задоволува.

Соработката на училиштето со родителите е на задоволително ниво. Училиштето соработува со локалната самоуправа. Училиштето не располага со доволен број на наставни средства и помагала. Училишниот одбор е конституиран во согласност со законската регулатива и статутот на училиштето, има деловник и програма за работа со кои го организира своето работење.

Училишниот одбор има соработка со органот на раководење и другите образовни структури.

Управувањето и раководењето во училиштето е добро. Раководниот орган на училиштето превзема мерки за подобрување на севкупните услови за работа во училиштето има поддршка кај наставниците, стручниот соработник, родителите, учениците и локалната заедница.

Од целокупната евиденција и документација која беше приложена и разгледана за време на надзорот, разговорите водени со различните фокус групи, од посетените наставни часови, анализата на претходно доставените прашалници и се она што можеше да се види на лице место, тимот од државни просветни инспектори констатира дека работата во ОУ „Лирија –с.Житоше делумно задоволува (1,94)[1].

Самоевалуација, 02-329/2 од 05.12.2022 година

Развојна програма број 02-267/4 од 29.12.2020 година

Годишна програма, број 02-228/2 од 15.08.2023 година

Одлука од Советот на општината за усвојување на Годишната програма од училиштето број 03-1253/4 од 31.08.2023

Инклузивен тим на училиштето, Решение бр. 03-27/1 од 17.03.2021 година,

Училишен спортски клуб – нема

## КАРАКТЕРИСТИКИ НА УЧИЛИШТЕТО

Во основното деветгодишно училиште „Лирија" наставата се изведува на албански и македонски наставен јазик организирано во две смени и се одвива во три објекти: во централното училиште и во подрачното училиште во село Локвени во една смена. Во учебната 2023/24 година запишани се вкупно 236 ученици, распоредени во 22 паралелки од I до IX одделение,. Во состав на основното училиште работи едно подрачно училиште во населеното место с. Локвени.

Дејноста на училиштето е верифицирана со Одлука за основање од Министерството од образование и физичка култура бр. 10-1267/3 од 27.06.1994 год.

Училиштето е регистрирано како општинско основно училиште и запишано во Централен регистар на Република Северна Македонија.

За учебната 2023/2024 година, училиштето има изготвено Годишна програма за работа.

Училиштето има изготвено Статут, бр.01-389/3 од 23.12.2019 година.

Оваа учебна година училиштето го посетуваат 236 ученици во 22 паралелки. Во училиштето вработени се 39 наставнци, од кои седум, наставници дополнуваат од други училишта, психолог, секретар, технички персонал и директор .

Училиштето негува политика на правичност и еднаквост без разлика на национална, полова или верска припадност. Наставниците ги следеле обуките организирани од Бирото за развој на образованието. Училиштето издава брошура согласно законот, со која ги запознава родителите и заинтересираните со работата на училиштето. Училиштето соработува со локалната самоуправа.

.

[1] Според класификацијата од Индикаторите за квалитет на основните и средните училишта, постојат четири квалитативни нивоа:

1. Не задоволува,
2. Делумно задоволува,
3. Добро и
4. Многу добро.

# 1. НАСТАВНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ

## 1.1 Реализацијата на наставните планови и програми

ООУ„Лирија“ –с.Житоше,општина Долнени е општинско деветгодишно основно училиште во кое наставата се изведува на  албански  и македонски наставен јазик.

Во учебната 2023/2024 година се реализираат наставни планови согласно новата концепција за основно образование по Математика и природни науки по Кембриџ програми и останатите наставни планови и програми изготвени од Бирото за развој на образованието. Преку изготвување на глобални, тематски, и дневни оперативни планирања за час за задолжителна, изборна, дополнителна и додатна настава, програми за слободни ученички активности , во училиштето се имплементираат согласно календарот за работа на основните училишта во учебната 2023-2024 година. Раководниот тим и психологот ги одредуваат приоритетите, динамиката и начините на реализација на наставните планови и програми.. Училиштето има формирано инклузивен тим и истиот има изработено програма за идентификација на ученици со посебни образовни потреби и образовни потешкотии. Психологот на училиштето заедно со наставниците ги идентификува овие ученици, го следат нивниот психофизички и интелектуален развој и настојуваат со различни средства позитивно да влијаат на когнитивниот, афективниот и социјален развој. Наставниците  во одделенска настава изработуваат планирања согласно новата концепција за основно образование, предметните наставници од природната група на предмети изработуваат планирања согласно кембриџ-програмата.

Училиштето има изработено брошура која им се доставува на учениците и родителите на почетокот на учебната година, со цел тие да бидат информирани за наставните планови и програми и другите активности на училиштето. Исто така за остварувањето на одделни цели од годишната програма за работа на училиштето, родителите се информираат и преку родителските групни и индивидуални средби.

Изборот на наставните предмети  од листите на изборни предмети од наставниот план го вршат учениците во согласност со нивните родители. Изборот на наставни предмети за учениците од четврто до деветто одделение  се врши од листа на предмети кои училиштето ги избира од листата во наставниот план почитувајќи ги насоките од БРО.

## 1. 2 Квалитетот на наставните планови и програми

Наставниците ги изработуваат годишните и тематските планирања , како и оперативен план за наставен час во согласност со наставните програми и насоките за планирање и организација на наставата и годишната програма за работа на училиштето. Исто така за учениците од I и V одделение се изработува Годишни планирања , неделно планирање и сценарио за наставен час. Потребите на наставниците за нивно стручно

оспособување и обука се следат од страна на психологот и директорот на училиштето,во последните три учебни години обука имаат посетено девет наставници. Училиштето прибира и разгледува мислења за наставните планови и програми, но нема покренато иницијатива до предлагачите за изменување и дополнување на истите.

### 1. 3 Воннаставни активности

Училиштето планира и реализира слободни ученички активности преку повеќе секции Учениците се вклучуваат во вонаставните активности по сопствен избор и по препорака на наставникот.

Стекнатите знаења постигнати во редовната настава и вонаставните активности учениците ги презентираат на настапите пред нивните соученици по повод денот на училиштето и други манифестации.

Општествено корисната работа на учениците, грижа за здравјето на учениците, ученичкиот заедница е насочена кон реализирање на планирани активности со програми на училиштето, кои се составен дел на Годишната програма за работа на училиштето.

Училиштето планира и реализира и ученички екскурзии согласно Правилникот за начинот на организација и спроведување на екскурзии во основното образование.

Училиштето нема регистрирано училишен спортски клуб.

Училиштето реализира активности за меѓуетничка интеграција во склоп на самото училиште,нема партнер училиште.

## 2. ПОСТИГАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ

### 2.1 Постигања на учениците

Училиштето прибира податоци за постигнувањата на учениците според полот и според јазикот на наставата, за сите квалификациони периоди.

Училиштето не врши анализи и не презема активности за подобрување на постигнувањата на учениците од различен пол и јазик на настава.

Училиштето не ги препознава надарените ученици, учениците што имаат тешкотии во учењето, како и учениците со пречки во развојот и нередовно го следи нивниот напредок. Мал број од наставниците обезбедуваат поддршка на учениците што имаат тешкотии во учењетои на надарените ученици. Во текот на учебната година

дополнителната настава се реализира од мал број наставници за ученици кои во континуитет покажуваат слаб успех. Во последните три учебни години нема ученици кои годината ја завршиле со слаби оценки по еден или два предмети. Додатната настава се реализира од мал број наставници за учениците што покажуваат интерес и значителни резултати.

Училиштето нема пропишана политика за следење на хоризонталното и вертикалното движење на учениците. Во училиштето се следи преминот од едно во друго одделение, но не и преминот во образование на повисоко ниво.

Училиштето организира заеднички вонаставни активности со ученици од мешан етнички состав во рамките на училиштето.

### 2.2 Задржување / осипување на ученици

Реонот на училиштето, определен од основачот, ги опфаќа с.Житоше и с.Локвени. Основачот секоја година до крајот на април до училиштето доставува списоци на деца од реонот за запишување  во прво одделение. Училиштето превзема конкретни активности за да ги запише сите деца од реонот. Училиштето квартално ги ажурира податоците за запишаните ученици и има целосни податоци за опфатот на учениците . Училиштето ги вклучува претходно осипаните ученици или учениците повратници во наставниот процес.

Редовноста не се следи тековно и не се прават анализи и не се превземаат конкретни активности за намалување на бројот на неоправданите изостаноците. Училиштето ги реализира советувањата на родителите, има документацијата за советувањата на родителите, ги известува надлежните институции, но не врши анализи на резултатите од советувањето. Училиштето разполага со податоци за просечниот успех на учениците, но не и за просечниот број неоправдани изостаноци во последните три учебни години. Во последните три учебни години (2020/21, 2021/22 и 2022/23) средниот успех се намалил од 3,10 на 2,91.Во последните три учебни години нема осипување на ученици. Училиштето ја почитува постапката за премин на ученици од едно училиште во друго.

### 2.3 Повторување на ученици

Во последните три учебни години сите ученици го завршуваат одделението.

## 3. УЧЕЊЕ И НАСТАВА

### 3.1. Планирање на наставниците

Воспитно образовната работа во ООУ„Лирија“-с.Житоше се остварува врз основа на наставните планови и програми за деветгодишно основно образование, наставните програми по Кембрич,  и  по Концепцијата за основно образование. Применуваните наставни планови и програми се во согласност со програмските документи кои се изготвени од Бирото за развој на образованието и одобрени од Министерот за образование и наука. Наставните планови и програми се реализираат во пропишаниот обем.

Во годишната програма на директорот планирани се активности за поддршка и следење на планирањата на наставниците. Психологот  води евиденција за следење на планирањата на наставниците. Најголем број од наставниците планирањата ги имаат изготвено и во електронска форма.

Планирањата на поголем број наставници ги содржат неопходните елементи за успешна реализација на наставата. Истите имаат определени цели, форми, методи, , очекувани резултати, начини на  примена на ИКТ и др. Наставниците годишните и тематските планирања ги изготвуваат индивидуално и во  соработка со наставници од другите училишта.Освен за редовната настава мал број од наставниците имаат изготвено планови за додатна настава, дополнителна настава, слободни ученички активности.

Училиштето реализира активности  за меѓуетничка интеграција во склоп на самото училиште.

Училиштето има формирано Училишен инклузивен тим. Во училиштето има идентификувано еден ученик со тешкотии во учењето за кое имаше обезбедено образовен асистент со кого се работеше по ИОП.

### 3.2 Наставен процес

Наставата во училиштето се реализира во класични училници.

Изборот на задачите и активностите кои им се задаваат на учениците од поголемиот број наставници се испланирани и поврзани со работата на учениците за време на часовите. Постои интеракција со учениците која води кон постигнување на наставните цели

Наставниот кадар користи разновидни наставни форми и методи, вклучувајќи и употреба на ИКТ во наставата, кои во мал дел соодветствуваат на потребите на учениците и нивните стилови на учење. Наставниците користат добро испланирани и соодветни методи за да работат со учениците индивидуално, во мали групи или со целата паралелка.

Наставниците делумно ги развиваат индивидуалните вештини за учење на секој ученик, како и вештините за соработка. Задачите што се работат во училиште се добро испланирани и поврзани со работата на учениците за време на часовите. На учениците им се овозможува да работат со сопствено темпо. Учењето во училницата во голем дел е активно, динамично и има делумна работна атмосфера поради изведувањето на работните активности на реконструкцијата во училиштето..Наставниците се однесуваат со учениците на начин кој промовира взаемно почитување, помош, соработка и разбирање, без да прават разлика меѓу учениците според нивниот пол и социјалното потекло.

### 3.3 Искуства на учениците од учењето

Училниците во кои учат учениците не се соодветни спрема бројот на ученици, се добро осветлени, чисти и уредени со ученички трудови Кај најголем број од учениците истите делуваат стимулативно и ги мотивираат учениците подобро да учат.

Дел ј од наставниците за време на своите часови наоѓаат различни начини, методи и техники со кои ги охрабруваат учениците самостојно и критички да мислат, да знаат да поставуваат прашања и самостојно да изведуваат заклучоци од она што го учат.

### 3.4 Задоволување на потребите на учениците

Наставниот кадар и стручната служба делумно ги препознаваат образовните потреби и пречки во процесот на учење на учениците и делумно преземаат активности за исполнување на потребите/или отстранување на пречките. Образовните потреби се идентификуваат според постигнатите резултати по одреден предмет, активноста на часовите, интересот на одредени ученици во одредени области и слично.

Во текот на целата година училиштето делмно реализира дополнителна настава по одредени предмети за кои учениците пројавуваат тешкотии во учењето и додатна настава за учениците кои покажуваат значителни резултати во определени области.

### 3.5 Оценувањето како дел од наставата

Училиштето делумно ги применува позитивните законски и подзаконски прописи што го регулираат оценувањето на учениците,доминира класичното оценување.Мал број на наставници применуваат стандарди за оценување. Во целост се почитува законската одредба за информирање на родителите за оценките на учениците во сите периоди на оценување. Оценувањето на учениците е јавно од страна на поголем дел од наставниците.

Оценувањето на учениците е делумно задоволува.

### 3.6 Известување за напредокот на учениците

За својот напредок учениците редовно усмено се известувани од одделенскиот раководител и предметниот наставник во текот на учебната година. За постигнатиот успех учениците се известувани и со писмени документи: евидентни листови и свидетелства.

За напредокот на своите деца на родителите им се даваат усни и писмени информации родителите имаат можност да се информираат преку организираните родителски средби кои редовно се одржуваат во училиштето, преку органите во училиштето и на сопствена иницијатива и барање. Училиштето е отворено да одговара на прашањата и интересирањата на родителите за напредокот на нивните деца. Известувањата за напредокот на учениците се добри.

Во училиштето уредно се води електронската евиденција –е.дневникот.

# 4. ПОДДРШКА/ПОМОШ НА УЧЕНИЦИТЕ

## 4.1 Севкупната грижа кон учениците

Во училиштето се изведува генерална реконструкција. Поради изведувањето на градежните работи, одлагањето на градежниот шут во дворот на училиштето и во ходниците на училиштето, најголемиот број вработени, родители и ученици училишниот простор не го чувствуваат за безбеден за изведување настава. Училиштето нема пропишани мерки и активности за безбедност на учениците во текот на наставата во училишната зграда и во училишниот двор, ниту во нормални услови, ниту во услови на изведување на градежните работи.Најголемиот број вработени, родители и ученици сметаат дека поради изведувањето на градежните работи присуството на градежниот шут во ходниците и во дворот на училиштето, ходниците, скалите, училниците, нужниците и училишниот двор не се безбедни и претставуваат потенцијална опасност за повреди на учениците. Потенцијално опасните места во училиштето што не може да се избегнат не се обезбедени и посебно означени, но учениците се свесни за нивното присуство и се информирани за можните опасности. Во училишниот простор има ПП-апарати, внатрешни хидранти во подрачното училиште во с.Локвени, громобранска инсталација и сите тие редовно се проверуваат. Во училиштето има три вработени кои се сертифицирани за давање прва помош на учениците при несреќни случаи во училиштето. Училиштето има интерен акт со шеми во ходниците и училниците за движење и за постапување во случај на елементарни непогоди. Училиштето последната симулација ја има изведено во 2021 година. Училишниот објект со сè стакла, училишнниот инвентар, вработените и учениците се осигуруваат секоја година.

Училиштето нема интерен акт во кој се дефинирани сите облици на насилство како што се психичко/ емоционално, физичко насилство, сексуално насилство, булинг, електронско насилство, семејно насилство. Училиштето нема спроведено подготвителни активности за измена на статутот и носење на интерен акт, нема назначено контакт-лице за пријавување на насилство и негов заменик, односно нема обезбедено услови за примена на Упатството за пријавување и заштита на ученик жртва на сите облици на насилство, злоупотреба и занемарување. Училиштето има Програма за превенција од насилно однесување во склоп на Годишната програма за работа на училиштето (ГПРУ). Вработените ја знаат својата улога и одговорност во процесот на заштита на детето и се грижат за нивните права, приватност и достоинство.. Учениците насилството врз нив од страна на други ученици го пријавуваат кај одделенскиот раководител после што се спроведува постапката за советување на родители и ученици. Во последните три години не се спроведени советувања на родители и ученици за насилство на ученик врз ученик.

Во училишниот објект на видни места се поставени знаци и натписи за забрана на пушење,. Во училишниот објект и училишниот двор не се пуши, не се доаѓа во алкохолизирана состојба, не се консумира алкохол и не се дистрибуираат и користат наркотични супстанции. Во училиштето се реализираат предавања од страна на вработените за заштита од штетните влијанија на пушењето, алкохолот и наркотичните средства. Училиштето нема пишани процедури за постапување при прекршување на забраните.

Училиштето не се грижи за квалитетот на храната што им е понудена на учениците. Училиштето нема увид во квалитетот на храната која им се нуди на учениците во околните објекти за продажба на храна. Во училиштето се спроведуваат работилници и предавања за за здрава исхрана.

Училиштето има Училишен инклузивен тим и Инклузивен тим за ученик. Нема ученици со пречки односно физичка попреченост и нема пропишани процедури за грижа за такви ученици. Училишниот инклузивен тим и Инклузивниот тим за ученик ја усогласуваат воспитно-образованата програма според индивидуалните потреби на ученикот. Училиштето соработува со родителот и Центарот за поддршка на учењето за учениците со попреченост при ООУ „Гоце Делчев“ -Битола во обезбедувањето грижа за

ученикот со посебни образовни потреби. Училиштето нема пристап ниту санитарен јазол приспособен на потребите на учениците со пречки во развојот/физичка попреченост.

Училиштето нема пропишани процедури за обезбедување материјални средства за учениците кои поради социјалната загрозеност на нивните семејства не се во состојба да ја следат наставата под исти услови како другите ученици и да учествуваат во воннаставните активности што бараат вложување дополнителни средства.

### 4.2 Здравје

Поради градежните работи кои се извршуваат во училиштето, хигиената во училиштето е на ниско ниво. Во училиштето два пати годишно, пред почетокот на секое полугодие, се врши дезинфекција, дезинсекција и дератизација. Ходниците и скалите се чистат повеќе пати во денот.Подот и корпите за отпадоци во училниците се чистат пред почетокот на секоја смена, а останатиот училиштен простор барем еднаш во текот на денот. Дворот на училиштето не е чист и во него се одлага градежниот отпад. Во дворот на училиштето и во секоја училница има корпи за отпадоци. Училиштето нема програма за превенција од заразни болести. Сите вработени и ученици редовно вршат систематски прегледи. За сите ученици училиштето поседува потврди за редовно примени вакцини. Училиштето нема пропишани процедури за грижа за учениците кои поради хронично заболување или посериозни повреди подолго време отсуствуваат од редовната настава. Училиштето нема пропишани процедури за навремено откривање и грижа за учениците со емоционални проблеми (развод на родителите, болест во семејството, трауми од конфликти и насилство во семејството). Стручниот соработник психолог е обучени да им помогне на учениците и на родителите во вакви ситуации и во тековната учебна година им помогнал на два родители и на нивните деца.

### 4.3 Советодавна помош на учениците за понатамошно образование на учениците

Информациите за можностите за продолжување на понатамошното образование на учениците им ги обезбедуваат средните училишта кои доаѓаат во училиштето да се промовираат, односно училиштето организира активности за професионална ориентација на учениците само на барање на надворешни субјекти. Стручниот соработник психолог не спроведува тестирања и информирање на родителите за можностите и склоностите на учениците при изборот на нивната професија. Инклузивниот тим не нуди професионална ориентација на дете со посебни образовни потреби.

### 4.4 Следење на напредокот

Голем број од наставниците по одделенска настава и многу мал број наставници по предметна настава водат уредна евиденција за напредокот на постигнувањата, редовноста и поведението на секој ученик.

Наставниците подготвуваат полугодишни извештаи за својата паралелка. Не се изработуваат анализи со цел резултатите добиени од истите да се искористат за подобрување на воспитно-образовниот процес.

# 5. УЧИЛИШНА КЛИМА

## 5.1 Училишна клима и односи во училиштето

Училишната клима и односите помеѓу учесниците во воспитно-образовниот процес во училиштето се добри.

Најголем број од наставниците уживаат респект кај родителите и учениците и придонесуваат за целосна афирмација на училиштето.Раководниот орган и стручната служба имаат важна улога во одржувањето на добрата атмосферата во училиштето, остваруваат добра соработка со учениците, наставниците и родителите.

Училиштето има донесено Кодекси за однесување на учениците, наставниците и родителите со кој се регулирани правилата на однесување во училиштето.

Во случај на кршење на правилата на однесување на учениците во училиштето, на учениците им се изрекуваат педагошки мерки, согласно Правилникот за оценување, наградување, полагање испити, видови пофалби и награди и педагошки мерки.

Со правилото за однесување во училиштето, родителите се запознаваат преку Брошура за родители и ученици, која им се поделува на родителите на почетокот на учебната година.

Раководството на училиштето, води политика на взаемно почитување и рамноправен третман и однос кон сите вработени, без разлика на пол, етничка припадност, возраст и друго. Постои професионален однос помеѓу вработените, во училиштето.

Дисциплината на учениците во училиштето е добра.

Во училиштето е донесен Куќен ред, во кој се утврдени правилата на однесување во училиштето . Учениците многу малку придонесуваат во решавањето на проблемите и донесувањето одлуки за работите што се од нивен непосреден интерес. Учениците се делумно информирани за работите во училиштето што се од нивен непосреден интерес.

## 5. 2  Промовирање на постигањата

Стручната служба  прибира податоци за успехот, поведението и отсуствата на учениците и изготвува извештаи со статистички податоци, со споредбени показатели за

исти периоди во различни учебни години. Резултатите од постигањата на учениците се внесуваат во полугодишните и годишните извештаи на училиштето.

Групните и поединечните постигања на учениците се промовираат во рамките на училиштето.Лични изработки и творби на учениците се истакнуваат во училниците и во ходниците.

## 5. 3 Еднаквост и правичност

Училиштето води грижа за еднаков и правичен пристап кон сите ученици. Вработените во училиштето се запознати со правата на децата и можат да ги препознаат случаите на нивно нарушување во практиката.Се промовираат еднаквоста и правичноста како темелни вредности. Наставниците подеднакво се однесуваат кон сите ученици, независно од полот, социјалното потекло, и способностите на учениците.

## 5.4 Партнерски однос со родителите и со локалната заедница

Училиштето има стратегија и реализира бројни активности за поттикнување на родителите да се вклучат во воспитно-образовната работа на училиштето на сите нивоа.

Училиштето користи бројни ефективни методи за комуникација со родителите преку: родителски средби (општи и на ниво на паралелката); состаноци со родители по групи; индивидуални родителски средби; писмено или усно (телефонски/интернет), соработка на релација стручна служба -семејство и советување на родителите.

Родителите се чувствуваат добредојдени во училиштето. Училиштето редовно и навремено ги известува за напредокот на нивното дете. Постои добра комуникација меѓу наставниците и родителите. Родителите се слободни за некој проблем да се обратат до стручната служба во училиштето. Низ демократска процедура се врши избор на претставниците на родители во Училишниот одбор. Одлуките донесени од страна на Училишниот одбор се транспарентни и достапни.

Училиштето остварува соработка со локалната заедница, деловната заедница и невладиниот сектор. Интензитетот на соработка со невладиниот сектор со кој се создава добра комуникација и се гради солидна основа за конструктивност врз цврстата и нераскинлива врска која што секако започнува од образованието е во постојан раст. Училиштето има добра соработка со месното население и деловната заедница, организира активности за да ја одржи и поттикне соработката.

# 6. РЕСУРСИ

## 6.1 Сместување на просторни капацитети

Воспитно-образованата дејност во училиштето се остварува во два училишни објекти: еден во с.Житоше од прво до деветто одделение и еден во подрачното училиште во с.Локвени од прво до петто одделение. Поради градежните работи кои се во тек наставата во с.Житоше се остварува и во уште еден објект во центарот на селото во 5 училници со учениците од петто до деветто одделение кои наставата ја следат на македонски наставен јазик.

Училишната зграда во с.Житоше е од тип тврда градба и располага со 18 училници, кабинети по информатика и природни науки, библиотека, заедничка канцеларија за наставниците и пет канцеларии за: стручниот соработник психолог, секретарот, архиварот и директорот. Училиштето располага и со два санитарни јазли, по еден на секој спрат и во тек е дограба на нови санитарни јазли во склоп на училишната зграда по два на секој спрат.Големината на училниците соодветствува на бројот на учениците во паралелките. Училишната зграда во с.Локвени е од тип тврда градба и располага со две училници, два санитарни јазли и помошни простории за наставниците, чување на огревно дрво и др.Загревањето на училишните згради е со парно греење на нафта во с.Житоше и со печки на дрва во с.Локвени.Со реконструкцијата која е во тек, целата надворешна столарија е заменета со нова, додека замената на внатрешната столарија е во тек. Просторните капацитети на училиштето не се пристапни за ученици со телесни пречки во развојот, нема пристапни рампи, лифтови и приспособени тоалети.

Голем дел од училничкиот инвентар (ученички клупи и столчиња и табли) седотраени и оштетени, но со реконструкцијата е предвидено опремување на сите училници со нов училнички инвентар.

Училиштето располага со потребните инфраструктурни капацитети за успешно изведување на воспитно-образовниот процес, освен по физичко и здравствено образование од причина што училиштето не располага со филскутурна сала .Поради градежните работи кои се во тек, просторните капацитети се значително ограничени и во многу го отежнуваат и попречуваат успешното спроведување на воспитно-образовниот процес.

Училиштето ефективно ги користи расположливите просторни капацитети, но поради градежните работи кои се во тек и ограничените просторни капацитети, наставниците се соочуваат со проблеми при изведување на наставата и вонннаставните активности.

## 6.2 Наставни средства и материјали

Училиштето располага со по еден компјутер за секоја училница за потеребите на наставниците, една паметна табла и 4 проектори.Училиштето располага и со 9 печатачи. Наставните средства и помагала со кои располага училиштето делумно соодветствуваат и ги задоволуваат потребите на современите научни и наставни текови. Училиштето располага со ограничен број на наставни средства, помагала и материјали потребни на наставниците и учениците за учењето и наставата. Училиштето ги утврдува потребите за наставни средства, помагала и материјали, но нема систем за следење на нивната употреба, одржување и набавка на нови. Во училиштето, наставниците и учениците имаат пристап до Интернет. Училиштето не располага со соодветна стручна литература и со нагледни средства, материјали и помагала за ученикот со посебни образовни потреби.

Училиштето располага со вкупно 1374 книги за вкупно 236 ученици. Од нив:

- 160 се лектирни изданија: 53 на македонски јазик и 107 на албански јазик,
- 1214 се учебници: 312 на македонски јазик и 902 на албански јазик и

- наставни средства наменети за учениците по природни науки кои се чуваат во кабинетот по природни науки.

Училишната библиотека располага со доволен број на лектирни изданија и за двата наставни јазици на кои се изведува наставата во училиштето, но не располага со стручна литература. Библиотеката поради градежните работи кои се изведуваат во училиштето е преместена во друг објект со ограничени просторни услови. Располага со компјутер, има пристап до Интернет и библиотечната евиденција се води во електронски и пишан облик. Распоредот за работење на библиотеката овозможува учениците да ја користат во текот на целиот училиштен ден, но со нејзиното привремено преместување во друг објект пристапот до библиотеката е отежнат за голем број ученици

Училиштето ја планира набавката на основниот потрошен материјал, но одобрените средства не се соодветни на планираното и не ги задоволуваат реалните потреби на училиштето.

### 6.3 Обезбедување на потербен наставен кадар

Училиштето има вработено 38 наставници и еден стручен соработник психолог. Воспитно-образовниот процес се остварува со 45 наставници од кои 7 дополнуваат од други училишта и психологот. За мал број од наставните предмети (јазик и култура на Бошњаците, проекти од ликовната уметност, техничко образование, вештини на живеење, математика, музичко образование и физичко и здравствено образование со 3 н.ч.)се ангажирани наставници со несоодветно образование утврдено со нормативите, истите вработени по пат на јавен оглас како лица кои се јавиле на оглас. Мал е бројот на наставници што се обучени за работа со деца со посебни образовни потреби. Во училиштето повремено се врши дисеминација. Во училиштето не се врши десеминација на новопримените наставници. Во училиштето нема вработено наставник со звање наставник-ментор и нема пропишана процедура за организација и реализација на приправничкиот стаж.

Наставниците во рамки на инфраструктурните можности, наставните средства и технички помагала и  средствата и материјалите со кои располагаат за остварување на воспитно-образовниот процес вложуваат напори за подобрување на квалитетот на работењето на училиштето. Стручните активи немаат влијание врз подобрувањето на квалитетот на работењето на училиштето.

При вработување наставници се почитуваат законите, подзаконските акти и нормативот. Во училишната библиотека ангажирани се повеќе лица кои имаат потреба од дополнувње до полн фонд на часови. При распределбата на часовите се води грижа за правилна и правична оптовареност на наставниците. При отсуство на наставниот кадар не се води грижа замената да биде соодветна и навремена.

Стручниот соработник психолог не може во целост да ги задоволи барањата и потребите на наставниците во реализацијата на наставата, во следењето на напредокот на учениците, во справувањето со проблемите на индивидуално и групно ниво и/или во давањето советодавна помош за работа со учениците. Помошта и поддршката за работа со детето со посебни образовни потреби е на задоволително ниво.

### 6.4 Следење наразвојните потреби на наставниот кадар

Наставниците и стручниот соработник психолог не изработуваат личен план за професионален развој врз основа насамопроценка на своите професионалните компетенции. Училиштето нема Тим за професионален развој, не се идентификуваат потребите на наставниците за професионален развој и не се изготвува програма за професионален развој. Не се води евиденција за посетените обуки од страна на наставниците и стручниот соработник. Повремено се врши дисеминација на искуствата здобиени од обуки за јакнење на компетенциите на кадарот. Училиштето не води доволно

грижа за подеднакво вклучување на наставниот кадар и стручниот соработник во интерни и екстерни обуки, вклучувајќи и обуки за деца со посебни образовни потреби, меѓуетничка интеграција, младинско учество итн. Училиштето не ја почитува законската регулатива за професионален и кариерен развој на кадарот. Наставниот кадар и стручните соработници немат професионални досиеја.

### 6.5 Финансиско работење на училиштето

Училиштето секоја година изготвува училишен буџет и истиот го доставува до основачот, но нема повратна информација за висината на средствата кои се одобруваат од страна на основачот по одредени ставки. Раководниот кадар се консултира со наставниците и другите вработени за потребните средства со цел да се обезбеди економичност, ефикасност и правичност во распределувањето на финансиските средства. Буџетските приоритети не се поврзани со развојните цели на училиштето, а исто така не се предвидуваат финансиски средства за младинско учество и за реализација на приоритетите на ученичката заедница. Буџетот се користи за краткорочни цели или приоритети заради задоволување на основните потреби но не и за подобрување на квалитетот на наставата и учењето, подобрување на постигнувањата на учениците, како и развој на училиштето во целост.

## 7. УПРАВУВАЊЕ, РАКОВОДЕЊЕ И КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКА

### 7. 1. Управување и раководење со училиштето

Во училиштето орган на управување е Училишниот одбор. По својата структура тој е колегијален орган составен од 7 членови, од кои 3 претставници од редот на наставниот кадар и стручната служба, 3 претставници од редот на родителите  и 1 претставник од основачот.

Училишниот одбор е конституиран согласно законската регулатива и статутот на училиштето. Надлежностите и начинот на работа на училишниот одбор се јасно дефинирани во деловникот за работа број 02-133/2 од 09.08.2021 година. Состаноците се одржуваат и реализираат во согласност со деловникот за работа. Училишниот одбор секогаш работи со потребниот кворум и одлуките ги донесува со мнозинство на гласови.

За својата работа и одлуките кои ги носи училишниот одбор обезбедува редовни, сеопфатни и детални информации за другите субјекти вклучени во животот и работата на училиштето.

Училишниот одбор има воспоставено партнерски однос со раководниот орган и други органи во училиштето.Раководниот орган  добро раководи со училиштето и во раководењето има поддршка од најголемиот број на  субјекти во него. Објективно ги оценува квалитетите на вработените, фокусирајки се на нивниот придонес во тимската работа која е одлика на раководењето на органот. Успешно раководи со училиштето, иницира и донесува одговорни одлуки во полза на современиот образовен систем. Целосно е посветен на јасно поставени приоритети во развојниот план преку ефективна и конкретна самоевалуција, а како цел на своето работење им дава приоритет на постигнувањата на учениците и подобрувањето на наставниот процес во училиштето.

Директорот има професионален  однос кон работата, добра комуникација  со вработените. Работи на подобрување на стандардите и промовирање на личниот развој на учениците. Преку ангажирање на поголем број на субјекти во училиштето настојува да го подигне  квалитетот на наставата.

## 7. 2 Цели и креирање на училишната политика

Целите на училиштето се во согласност со целите на државната и локалната образовна политика. Целите се јасни и прецизно дефинирани во Планот за развој на училиштето, а се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата, зголемување на постигањата на учениците и подобрување на инфраструктурните услови во училиштето.

Во креирањето на целите, начелата и вредностите на училиштето се вклучени и активно учествуваат наставниците, додека родителите и учениците многу ретко учествуваат во реализацијата. Истите редовно се информираат за начинот на нивното остварување и подобрување.

Во утврдувањето на целите на образовната политика овозможено е вклучување и на останатите стручни органи, како и други субјекти кои се заинтересирани за подобрување на работата и животот во училиштето.

# 8. НАОДИ И ПРЕПОРАКИ

## 8. 1 Јаки страни

- Во училиштето постои добра клима за работа помеѓу наставниците и учениците.
- Добра соработка на раководниот кадар со наставниците, УО и локалната самоуправа.
- Отвореност на училиштето за комуникација и соработка со родителите и локалната заедница.
- Во последните три учебни години сите ученици го завршуваат одделението

## 8.2 Слаби страни

- Нецелосна стручна служба ,училиштето располага само стручен соработник психолог.
- Училиштето нема утврдена процедура за учеството на учениците во натпревари(училишни,општински ,регионални и државни)и други начини на самодокажување на учениците.
- Училиштето нема регистриран Училишен спортски клуб
- Немање на доволно услови за изведување на часовите по ФЗО.
- Подрачното училиште во с.Локвени не е оградено.
- Училиштето нема интерен акт во кој се дефинирани сите облици на насилство
- Училиштето нема Тим за професионален развој

## 8.3 Препораки

- Да се вложат напори за обезбедување на стручен соработник педагог во училиштето.
- Училиштето да изгради процедура со конкретно планирање за учеството на учениците во натпревари(училишни,општински ,регионални и државни)и други начини на самодокажување на учениците.
- Да се регистрира училишен спортски клуб.
- Да се вложат напори за овозможување на подобри услови за реализација на наставата по ФЗО.
- Да се превземат активности за оградување на подрачното училиште во с.Локвени.
- Да се изготви интерен акт во кој се дефинирани сите облици на насилство.

| | |
|---|---|
| Амдин Рушај, Раководител на инспекцискиот тим | |
| Гордан Трифуновски, Инспектор | |
| Нермина Карагоска, Инспектор | |